Горан ЗЕНДЕЛОВСКИ

**УДК: 327.36:327.7**
**327.7:327.36**

# СТАВОВИ И РЕШЕНИЈА ЗА ГЛОБАЛНИТЕ КРИЗИ И ЗА ГЛОБАЛНАТА ОДГОВОРНОСТ ИСКАЖАНИ НА 43-ТА МИНХЕНСКА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСНА ПОЛИТИКА

***Кратка содржина***

*Во трудот се претставени глобалните меѓународни односи со посебен акцент на безбедносните предизвици во XXI век, низ призма анализа на Минхенската конференција за безбедносна политика. Како лидерски престижен форум на која учествуваат високи преставници на држави и меѓународни организации, се нудат практични решенија и иницијативи за решавање на проблемите во кризните жаришта. Главна тема се проблемите околу Средниот Исток, со посебен осврт на ситуацијата во Авганистан и Ирак, како и начинот на справување со предизвиците преку ангажирање на НАТО, ЕУ, ООН и други регионални организации. Со помош на истите треба да им се овозможи на државите во распаѓање и оние држави од кризните региони да соработуваат меѓусебно и да водат мирољубива политика. Можеме да констатираме дека конференцијата преку понудените идеи се обидува да дејствува превентивно во борбата со новите предизвици, во кои НАТО ќе биде фундаменталниот стожер.*

***Клучни зборови:*** *НАТО, ЕУ, САД, РУСИЈА, ПРЕДИЗВИЦИ.*

## ВОВЕД

Минхенската конференција за безбедносна политика претставува уникатен форум за дискусии од безбедноста и мировната политика. На почетокот на XXI век со појавата на глобалните предизвици, конференцијата направи крупни чекори за анимирање на иднината на интернационалната безбедносна архитектура. Таа има традиција речиси четири декади. Во 1962 година германскиот публицист Евалд фон Клаист го обележи почетокот на Минхенската конферен-

ција, на која во наредниот 30 годишен период високи преставници (министри, преставници на вооружените сили, членови на парламенти, експерти и др.) од различни држави се фокусираат на дискусиите за надворешните безбедносни и политички предизвици во европско-американските односи[1].

Новата ера во историјата на конференцијата започнала со 35-тата Минхенска конференција за безбедносна политика чиј организатор и модератор бил Хорст Телтшик и на која биле преставени новите држави од Централна и Источна Европа. Покрај државите од Европа на конференциите партиципирале и државите од Азија меѓу кои Р. Кина, Јапонија, Индија, Пакистан и други. На почетокот на XXI век, поконкретно во 2002 год., таа ја бележи својата 40 годишница, додека во 2004 година, конференцијата е одржана по 40-ти пат.

Инаку, од самиот почеток секоја година учествуваат околу 250 високи преставници на држави и меѓународни организации кои дискутираат за нивните погледи за развој на трансатланските односи како и за европската и глобалната безбедност.

Следејќи ги хронолошките аспекти на конференцијата, може да се констатира дека таа се адаптира на настаните што се случуваат во светски рамки и завзема ставови и предложува решенија во врска со предизвиците кои ги засегаат државите и колективните системи за безбедност и одбрана.

Значителен дел од трудот е фокусиран на анализа на говорите на високи преставници на последната, 43-та конференција за безбедносна политика насловена како „Глобалните кризи и глобалната одговорност" со цел предвидување на она што ќе прават НАТО, ЕУ, САД, Русија во иднина за да се справат со глобалните предизвици.

Соочувањето со денешните безбедносни проблеми и предизвици, е можно доколку се даде предност на прогресот на законот, правото, демократијата, развивање на дијалог меѓу цивилизациите.Изјавата на Френклин Рузвелд во почетокот на Втората светска војна дека „безбедноста за еден е безбедност за сите", е доволно јасно дека во меѓународната заедница ниту една држава или организација сама не е подготвена да се справи со комплексните проблеми на денешницата.

Најактуелни дебати на конференцијата беа поврзани за улогата на НАТО во XXI век со посебен осврт на ситуацијата во Авган-

---

[1] Во почетокот на 90-тите конференцијата за безбедносна политика не беше одржана поради војната во Заливот.

истан, учеството на САД и сојузниците во операции за подршка на мирот во Ирак, соработката и односите помеѓу НАТО, ЕУ, САД и Русија, иранската нуклеарна програма, и енергетската политика.

### НАТО во ерата на глобалните предизвици

Форумот претежно е фокусиран на проблемите на трансатланската надворешна и безбедносна политика, во кој Алијансата и предизвиците со кои ќе се соочува завзема значителен дел од елаборацијата. Предизвиците со кои ќе се пресретне НАТО во иднина се мултидимензионални и варираат од место до место и од ситуација до ситуација.

Стратегиската околина ја предизвика мисијата и можниот идентитет на НАТО, кој според многумина претставува политички и воен израз за длабока врска помеѓу Европа и Северна Америка, која се менува во зависност од природата на операциите и постепено станува глобално дејствувачка алијанса[2].

Ерата на неконвенционални, асиметрични и глобални закани го насочија НАТО кон операции во тешки услови, многу далеку од Западна Европа и услови кои не можат да се споредат со оние од времето на Студената војна. Денешните закани се мултиплицирани и транснационални, вклучуваат екстремизам и тероризам,етнички судири, регионални конфликти, трговија со дрога, појава на бегалци како последица од граѓанските војни и пролиферација на нуклеарното оружје. Како што вели, Генералниот секретар на НАТО, Јап Хоп де Шефер „за време на Студената војна нашата солидарност не беше тестирана со операции. Денешните предизвици се многу поразлични. Тие бараат да дејствуваме во далечни региони, каде трошоците се високи, животите на нашите војници се високо загрозени и ангажманот е за подолг временски рок“.

Тогаш се поставува прашањето „дали НАТО денес се соочува со поголеми закани за неговата иднина отколку во време на блоковската поделеност? Во тој контекст секретарот за одбрана на САД, Роберт М. Гејтс вели дека „Алијансата не испука ниту еден куршум за време на Студената војна, ниту во шест последователни мисии на три континента“.

Одговорот треба да се бара при ефективноста на Алијансата во справување со предизвиците кои можат да се надминат единствено со

---

[2] Говор на професор Хорст Телтшик.

спектрум од политички, дипломатски, воени, цивилни и економски инструменти[3]. Наоѓајќи се на крстосница НАТО бара стратегиска позиција преку својата ангажираност во предизвиците надвор од неговиот домен. Со мисиите во Авганистан, Алијансата ја најде сопствената важност во светски рамки. Бидејќи, Северноатланскиот сојуз се состои од најпросперитетните нации во светот, со повеќе од два милиони луѓе во униформа (невклучувајќи ги американските војници), треба да е способна да ја заврши мисијата во Авганистан. Евентуалниот неуспех ќе биде срам за Алијансата и веројатно ќе остави белег во нејзиното постоење[4]. Воедно, неуспехот би бил проследен и со последици кои нема да бидат само од воен, туку и од политички карактер.

Ако се земат предвид предизвиците произлезени од процесот на глобализацијата и последиците кои би можеле да бидат на штета за НАТО, тогаш треба да се постави прашањето, дали е време за дискусија за креирање нов стратегиски концепт на НАТО? Или пак дали НАТО треба да го промени стратегискиот концепт во интерес на поширока безбедносна стабилност? Проценките говорат дека тоа најверојатно ќе се случи во 2009 год., кога Алијансата ќе ја прославува 60-та годишнина од своето постоење. Во ова смисла се очекуваат следниве настојувања: (1) Поинтензивни политички консултации во НАТО за прашања кои се протегаат од Балканот до Авганистан и од Африка до Средниот Исток; (2) Потреба од поефикасна соработка со партнерите и прифаќање на нови партнери, особено важни за цврсто стратегиско партнерство со ЕУ; (3) Трансформирање со цел да се излезе во пресред на новите потреби на Алијансата и (4) начин на решавање на безбедноста на енергијата од можни терористички напади врз енергетските извори[5].

## Глобално партнерство и одговорност

Глобалното безбедносно опкружување драстично е променето во овие години. Појавата на транснационалниот тероризам беше виден како ново „лепило“ за сплотување на трансатланските врски. За-

[3] Последниот Самит на НАТО во Рига и состанокот на министрите за одбрана на земјите членки на Алијансата во Севиља, демонстрираа солидарност и решеност на НАТО да се соочи со предизвиците кои претстојат.

[4] Говор на Роберт М. Гејтс секретар за одбрана на САД.

[5] Првиот човек на НАТО, Генералниот секретар Јап де Хоп Шефер повеќе преферира употреба на поимот „трансформирање“, отколку „трансформација“, бидејќи за Алијансата сеуште постојат незавршени задачи.

тоа изменетата безбедносна околина налага зголемено глобално партнерство и поделба на одговорноста и солидарноста во рамките на меѓународните организации. Според, министерот за надворешни работи на Германија Франк В. Штајнмаер „последиците кои ги предизвика глобализацијата треба да се решаваат единствено преку кооперација, а не низ конфронтација“. Поради тоа трансатланските односи треба да бидат реформирани и адаптирани на изменетите услови. Во тој контекст политичкиот кредибилитет на трансатланските односи зависат од воените можности и капацитети. Како што потенцира Хорст Телтшик, „тие треба да го покријат целиот спектар на новите мисии, а тоа е можно само преку споделување на ’товарот‘ и солидарноста“.

Моменталните трансатлански врски се карактеризираат со редица асиметрични релации. Единствената светска супер сила САД, се соочува со збунета и неодлучна Европа која сеуште трага по своја идна улога и идентитет. Но не може да се говори само за воената моќ без да се вклучат и останатите аспекти како што се економските (финансиските) и политичките.

Во анализата на поранешниот секретар за одбрана на САД Доналд Рамсфелд се вели дека „3,7% од секој американски долар од данок се троши на националната одбрана и одбрана на сојузниците. Односно, само 6 од 26 земји членки на Алијансата трошат 2% и повеќе од бруто домашен производ за одбрана (БДП), но останатите земји членки не трошат ниту 2% од БДП. Без придонесот на САД сите НАТО земји трошат 1,8%“. Анализата покажува разидувања и несогласувања околу националните трошоци за потребите на одбраната, посебно кога станува збор за мисиите на НАТО во Авганистан и Ирак.Показателите укажуват на тоа дека треба да се трошат 2 % од БДП како обврска на секој член на Алијансата[6]. Со ова се дава сигнал на европските земји членки на НАТО дека не издвојуваат доволно финансиски средства за потребите на одбранбениот сојуз.

Преку ова можеби Вашингтон прави обид да го претвори НАТО во „алатка“ или пак да го води под „диригентсво“ на својата политика. Тоа се потврдува со говорот на сенаторот на САД, Џозеф Либермен кој истакна дека „НАТО треба да планира како да го ангажира својот воен ’имот‘ за да се зајакне заедничката цел а тоа е

[6] Генералниот секретар на НАТО, Јап Хоп Де Шефер вели дека учеството на земјите во силите за брза реакција на Алијансата е како обратна лотарија. Всушност ако се појават твоите бројки тогаш губиш пари. Бидејќи одделна земја треба да ги плати целокупните трошоци за распоредување на сопствените сили. Ова би можело да биде обесхрабрувачки за земјите кои учествуваат во силите за реакција на НАТО.

да се спречи нуклеарната програма на Иран. Алијансата може да спроведе активности за надгледување и забрана со цел да осигура економската и политичката блокада и истовремено да се одбрани од потенцијална реакција. Односно, САД и НАТО треба да разјаснат дали воената акција за уништување на нуклеарниот арсенал на Иран не е опција што ја бараме, но исто така и опција што не може да ја елиминираме".

Иако се очигледни разликите помеѓу САД и ЕУ, сепак се оди кон градење на стратегиско партнерство и истите имаат заеднички интереси. Како потврда за нивната глобална ефикасност може да послужи заедничкото учество во мисии во Авганистан, Косово, Блискиот Исток.

Како колективна одбранбена организација сочинета од 26 земји членки, од кои 21 земја припаѓаат и на двете организации (на НАТО и Европската унија) таа во изминатите години се соочи со цела низа несакани настани. Меѓудругото и по однос на тоа да ги стават земјите на Европа и Алијансата во различни категории и тоа:

- „слободниот свет" против оние зад „железната завеса"
- „северот" против „југот"
- „истокот" против „западот"
- „стара" Европа против „нова" Европа[7]

Со оваа категоризација се прави дистинкција помеѓу земјите членки на Алијансата и оние кои претендираат да ги исполнат колективните обврски.

Како и да е земјите кандидати за членство во Алијансата, и земјите партнери треба да ги завршат реформите и да прифатат дел од заедничките одговорности што НАТО им ја препушта. Односно да се прифати Алијансата како „ментор" и безбедносен провајдер кој може да им помогне да се справат со предизвиците, но и да одговорат на заканите кон Алијансата, потенцира Телтшик. Меѓутоа, доколку земјите аспиранти го спровеле она што НАТО го побарал од нив, секако дека Алијансата не може да го одложува нивното приклучување.

Од ова може да се заклучи дека вратите на Алијансата се отворени за потенцијалните кандидати за земјите од Западен Балкан. Ова беше посочено и последниот Самит на НАТО во Рига, кој се одржа само неколку месеци пред конференцијата и на кој присуствуваа дел од учесниците на форумот за безбедносна политика. Иако

[7] Говор на Роберт М. Гејтс секретар за одбрана на САД.

Алијансата на Самитот испрати јасен сигнал за проширување, сепак делува како "магнет" за оние земји кои се спремни да понесат дел од товарот на Алијансата и земјите кои се политички интерес на НАТО. Или како што потенцира секретарот за одбрана на САД, Гејтс „Алијансата не е членство на хартија или "социјален клуб". Тоа е организација со многу сериозни и реални обврски".

Ако се земе предвид мисијата на НАТО во Авганистан (која можеби нема да биде последна криза со која ќе се соочува Алијансата) тогаш со сигурност може да се констатира дека НАТО членките нема да имаат доволно единици на распоредување за дополнителни задачи. Ова е предност за земјите аспиранти преку учество во одредена мисија да се дојде до покана за членство[8].

Спротивно на мисијата во Авганистан, дебата на конференцијата за ситуацијата во Ирак покрена низа воени прашања за европските членки на НАТО, но и за можен неуспех на САД во нејзината надворешна безбедносна политика.

Актуелноста на Ирак е зголемена со информациите кои дојдоа од Американскиот Сенат во врска со повлекување од непопуларната војна во Ирак, во која за четири години се убиени 3.200 американски војници, а повеќе од 23.000 ранети.[9] Инаку, преставничкиот дом на Конгресот го усвои законот за финансирање на војната во Ирак и Авганистан во 2007 година, со обврзувачка одредба за повлекување на американските воени единици од Ирак.[10]

Но, освен САД не треба да се изостави и улогата на Европската унија во овој дел од светот која според зборовите на поранешниот германски канцелар Герхард Шредер, е дека „индивидуалните земји членки на ЕУ имаат донирано 2,2 милијарди долари за реконструкција на Ирак". Или само уделот на Германија во отпишани долгови изнесува 4,7 милијарди долари до 2005 година.Тоа значи дека Унијата која ја сочинуват 27 земји од кои 21 земја се членки на НАТО, можеби ќе успее да доминира со воени сили на Средниот Исток или пак

---

[8] Мисијата на НАТО во Авганистан (ИСАФ) е од суштинско значење за Алијансата бидејќи прв пат во нејзиното постоење е соочена да војува со копнени единици.

[9] За период од четири години во мисијата „Слобода за Ирак", трошоците на Соединетите Американски Држави изнесуваат 500 милијарди долари, цена која е приближно еднаква на средствата потрошени во Виетнамската војна од 536 милијарди долари.

[10] Со Законот за финансирање на војната во Ирак и Авганистан се одобруваат 124 милијарди долари, но и налага повлекување на американските трупи од 1 октомври до 1 април 2008 година. Евентуално би можеле да останат редуциран контигент од инструктури, советници и сили што ќе се борат против терористите на Ал Каеда.Иако, претседателот на САД, Буш има побарано дополнителни 21.500 војници за војната против тероризмот во Ирак.

тоа да преставува комбинација со американската воена моќ за одржување на глобалниот поредок.

Во насловот што следи се опфатени односите помеѓу најголемите ривали од времето на Студената војна, САД и Русија. Ќе се обидеме да се задржиме на говорот на рускиот претседател Владимир Путин, кој беше критикуван поради ставот, со кој им се спротивстави на САД и ЕУ за изградбата на антиракетен одбранбен штит на европско тло.

**Партнерство или ривалство**

Следејќи ги новите безбедносни предизвици на конференцијата за безбедносна политика се истакна потребата за дијалог, соработка и зацврстување на мерките за доверба помеѓу ООН, НАТО, ЕУ, САД и Русија. Но, презентирајќи ги сопствените национални интереси одредени земји ја поминуваа „границата" на толеранција и навлегуваа во меѓусебна конфронтација чии последици можат да се почувствуваат во рамките на меѓународните организации.

Анализирајќи ја руската политика во Европа не може а да не се спомнат односите помеѓу Русија и Америка, кои објективно „играат" значајна улога во Евроатланската безбедност.Но, истите настојуваат да ги задоволат и сопствените „апетити" за доминација во одредени региони во светот.

Но, после терористичките настани на 11 септември во 2001 година, САД се чувствуваат загрозени и исплашени дека постои уште можност за нови терористички напади на нивна територија. Па затоа, одлучија темелите на сопствената безбедност да ја осигурат надвор од своите граници.Како можна алтернатива е „идејата" на САД за изградба на антиракетен одбранбен систем на европска територија.

Нелегитимните акции како употреба на сила во меѓународните односи предводени од Соединетите американски држави не само што не успеаа да ги разрешат проблемите, туку создадоа нови кризни жаришта.

Униполарниот приод на САД беше предизвик за рускиот претседател Владимир Путин да го искаже ставот на Русија за две значајни теми за дискусија а тоа се антиракетниот одбранбен систем на САД и проширувањето на НАТО со земји од Источна Европа.

Според него „плановите на САД да воспостават антиракетен одбранбен штит во Источна Европа ќе предизвика нова трка во

вооружување, а не бенифиции за европските земји.[11] Односно, изјавата на Путин дека САД се плашат од закана за можен ракетен напад на Северна Кореја преку територијата на Западна Европа не е доволно убедлива и е контрадикторно на законот за балистика“. Иако, потенцијална опасност од дестабилизираење на меѓународните односи е поврзано со проблемите околу разоружувањето на нуклеарниот арсенал на САД и Русија, се придржува до меѓународниот договор во кој се бара уништување на илјадници стратегиски нуклеарни оружја пред крајот на 2012 година.[12]

Втората тема што беше потенцирана од претседателот Путин е проширувањето на НАТО со нови земји членки од Источна Европа за кој тврди дека „НАТО поставува воени бази и сили на границите со Русија и дека проширувањето на Алијансата со нови земји од Источна Европа, нема поврзаност со модернизацијата на воениот сојуз или пак за зачувување на мирот во Европа.[13] Напротив тоа претставува сериозна провокација и ја намалува меѓусебната доверба.“

Претходниве констатации говорат дека можеби најголемите опоненти од времето на Студената војна се враќаат на „старите патеки“, но во изменета безбедносна околина. Денес се повеќе има држави и организации кои настојуваат на некаков начин да дојдат до оружје за масовно уништување а од друга страна се повеќе е присутна летаргичноста на меѓународните авторитети да се спротивстават на нивната активност. Дали ова е доволна причина за двете земји за заложба безбедносната политика да оди во насока на промовирањето на регионалната соработка и вистинско партнерство кое ќе биде од интерес на двете страни од Атлантикот.

---

[11] Неодамна Соединетите американски држави го поместија својот најголем поморски одбранбено-ракетен радар од Хаваи во близина на рускиот полуостров Камчатка, а воедно има планови за инсталирање на радарски систем во Република Чешка и ракетно пресретнувачки систем во Полска со цел да се заштити од потенцијална закана од Иран.

[12] Претседателите на Русија и САД во 2002 година се потписници на договорот за стратегиско – офанзивна редукција и истиот предвидува ограничување на нуклеарниот арсенал на двете држави од 1700 до 2200 нуклеарни боеви глави. Договорот е со важност од 10 години.

[13] НАТО има поставено флексибилни воени бази во кои се наоѓаат по и над 5000 војници и се распоредени во близина на границите со Русија.

## Заклучок

Безбедноста во современата мисла подразбира активности на поединецот и државата, насочени кон достигнување и обезбедување на опстанок. Тргнувајќи од фактот дека апсолутната безбедност не é возможно да се постигне во меѓународната заедница, високите преставници од различни држави и експерти од меѓународни организации учествуваа на Минхенска конференција за безбедносна политика со цел да дискутираат за надворешните безбедносни и политички притисоци. Презентирајќи сопствени идеи, национални и наднационални интереси, преставниците од различни земји се согласија дека на овој уникатен форум се направени огромни напори за идентификација на состојбите и на иднината на меѓународната безбедносна заедница. Следејќи ги новите безбедносни предизвици на денешницата, на Конференцијата е истакната улогата на дијалогот, соработка и зацврстување на мерките на доверба помеѓу НАТО, ЕУ, САД, Русија, ООН и земјите од Средниот Исток.

Според тоа, ако се сака да се придонесе кон стабилизирање на односите ќе мора да се направат реформи во НАТО и ООН, но и да се дефинираат рамките во кои Европската унија ќе може да игра поголема улога на меѓународната сцена. Тоа значи примена на заедничка надворешна и безбедносна политика со посилен европски безбедносен и одбранбен идентитет кој ќе биде во сооднос со заедничката политика на Северноатланската Алијанса. Од друга страна употребата на сила може да биде легитимна само со одлука на ООН. Притоа во никој случај не треба да се заменат улогите на НАТО, ЕУ и САД со онаа на Обединетите нации. Сепак, НАТО и понатаму ќе остане главен столб во реализацијата на политика во сферата на безбедноста и одбранбеното ангажирање. Уште еднаш се потврдува дека НАТО не е само витална воена организација, туку е единствен политички форум за трансатланските консултации.

Достигнувањата на Минхенската конференција за безбедносна политика навистина покажаа дека форумот е највисоко значење за утврдување на надворешната безбедносна политика која ќе се подготви и приспособи за предизвици на XXI век.

(Рецензент: *йроф. д-р Зоран Нацев*)

## ЛИТЕРАТУРА

1. http://www.securityconference.de/2007
2. http://germany.usembassy.gov/germany/security.conference2007.html
3. http:// www.nato.int/docu/update/2007/02-february/e0209a.html
4. Vladimir Vladimirovich Putin, President of Russian Federation http://www.cdi.org/russia/johnson/2007-33-5.cfm
5. Robert Michael Gates, Secretary of Defense, United States of America http://www.usembassy.state.gov/poland/secgates.html/2007
6. http://state.gov/p/eur/rls/rm/80542.htm
7. http://www.defenselink.mil/transcripts/feb/2007
8. http:// www.otan.nato.int

Goran ZENDELOVSKI

# OPINIONS AND SOLUTIONS FOR THE GLOBAL CRISIS AND THE GLOBAL RESPONSIBILITY DISCUSSED ON THE 43RD MUNICH CONFERENCE ON SECURITY POLICY

## Abstract

*This analysis presents the global international relationships with a special accent on the XXI$^{st}$ century security challenge. We've analyzed the Munich conference for security politics where high country representatives and international organization's representatives took part for discussion. The Munich conference is a very respected forum of leaders in the international community and it tries to offer practical decisions and initiatives for solving the problems in the crisis areas. The main theme are the problems in the Middle East with a special accent on the situations in Iraq and Afghanistan and NATO, EU, UN, and some other regional organizations help in handle the upcoming challenges. With their help, the disintegrated states and those critical regions will be able to cooperate among each other according to the principles of peaceful politics. We can conclude that the conference through the offered ideas tries to react preventively in the fight with the new challenges, in which NATO will be a fundamental hinge.*

***Keywords:*** *NATO, EU, USA, RUSSIA,CHALLENGES.*